**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.12.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4765 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 7 декември 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 декември 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 15.10.2020 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-370 од 15.10.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (15.10.2020 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на ТРД друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 7 декември 2020 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на членот 14 од Законот за медиуми.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*